MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 1450/4

19.03.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петата седница одржана на ден 15 март 2019 година донесе

## ОДЛУКА

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси беспредметно е постапувањето на ДКСК во предметот со број 12-1450/1 од 07.03.2019 година.

Предметот со број 12-1450/1 од 07.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1450/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – Адвокатска канцеларија од Скопје.

Во пријавата се укажува дека усвојувањето на Предлог-одлука за избор на приватен партнер/содружник за вложување во Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад "ДРИСЛА"-Скопје, со цел вршење на концесиска дејност, депонирање на отпад на депонијата ДРИСЛА, како и нејзино донесување е спротивно на членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно дека нема услови за донесување на наведената одлука се до денот на завршување на изборот на претседател на Република Северна Македонија, особено дека и Градот Скопје учествува со свои средства и инфраструктура во наведената инвестиција, односно постапка за концесија.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставените прилози, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека беспредметно е постапувањето на ДКСК во предметниот случај од причина што по разгледување на содржината на пријавата, како и прибавените информации од официјалниот портал на Град Скопје www.skopje.gov.mk, каде е објавена официјална информација дека Советот на град Скопје, по барање на Градоначалникот на Град Скопје, ја прекинал 30-тата седница која била закажана со две точки на дневниот ред поврзани со изборот на приватен партнер за вршење на концесиска дејност и вложување во Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад "ДРИСЛА", со образложение дека изборниот процес на редовните претседателски избори 2019 година е во тек и постапката за избор на приватен партнер ќе се одржи по завршување на изборите.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk